РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ
Бр. 02-241/3
09.06. 2022 год.
СКОПЈЕ

***ПРЕДМЕТ:*** **ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2022**

Врз основа на член 75 став (4) од Законот за јавните набавки ( „Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и 87/21), а согласно член 65 став 6 ), а согласно член 65 точка 6 од Статутот на УКИМ Земјоделски институт-Скопје ( Универзитетски гласник бр. 452/2019), како и Планот за јавни набавки за 2022 година, Институтската управа на ден 9.6.2022 година на својата 119-та седница, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

за Дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година

1. Во Годишниот план за јавни набавки на УКИМ Земјоделски институт- Скопје, во **делот јавни набавки на стоки,** по точката –8. Набавка на компјутерска опрема и резервни делови , се додаваат 3 нови точки и тоа: точка 9 која гласи: Набавка на пчеларска опрема и прибор, точка 10: Набавка на енолошка опрема и точка 11: Набавка на безалкохолни пијалоци

| # | Предмет на договорот за јавна набавка | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот / рамковната спогодба, без ДДВ (МКД) | Вид на постапката | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | НАБАВКА НА СТОКИ | | | | | |
| 9. | Пчеларска опрема и прибор | 16640000-3 | Јуни | 113 000 | Набавка од мала вредност | |
| 10. | Енолошка опрема | 42200000-8 | Јуни | 62000 | Набавка од мала вредност | |
| 11. | Набавка на безалкохолни пијалоци | 15000000-8 | Јуни | 100 000 | Набавка од мала вредност | Двегодишен договор |

Во делот **јавни набавки на услуги,** по точката-12 Набавки на услуги од авторска агенција, се додаваат две нови точки и тоа: точка 17 која гласи: Набавка на услуги за Одржување на постоечки софтвер за финансиско работење, материјално работење, плата, основни средства, благајничко работење и лабораторија и надградба на софтвер за лабораторија и точка 18: Набавка на кетеринг услуги

| # | Предмет на договорот за јавна набавка | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот / рамковната спогодба, без ДДВ (МКД) | Вид на постапката | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | НАБАВКА НА УСЛУГИ | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 17. | Одржување на постоечки софтвер за финансиско работење, материјално работење, плата, основни средства, благајничко работење и лабораторија и надградба на софтвер за лабораторија | 48000000-8 | Јуни | 240000 | Набавка од мала вредност | |
| 18. | Кетеринг услуги | 55000000-0 | Јуни | 150 000 | Набавка од мала вредност | Двегодишен договор |

2. Точката 9 станува точка 12, точката 10 станува точка 13, точката 11 станува точка 14, точката 12 станува точка 15, точката 13 станува точка 16, точката 14 станува точка 19, точката 15 станува точка 20, точката 16 станува точка 21.

3. Се задолжува лицето задолжено за јавни набавки да изготви пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на член 75 став (4) од Законот за јавните набавки ( „Службен весник на Република Македонија" бр.24/19), Директорот на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје, донесе Одлука за измена на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година.

Измената на Годишниот план за јавни набавки во точките 9, 10 и 11 од диспозитивот на Одлуката е во согласност со потребите на работењето на УКИМ, Земјоделски институт –Скопје. Имено, заради реализација на проектни активности се јавува потребата за набавка на пчеларска опрема и прибор, како и енолошка опрема, која воедно ќе биде финансирана од проект. Бидејќи во рамките на различни проектни активности се предвидени јавни настани за промоција неопходно е да се изврши и набавка на безалкохолни пијалоци, како и кетеринг услуги наведени во точка 11 и точка 18 од диспозитивот.
Предметот на набавка наведен во точка 16 од диспозитивот на Одлуката исто така е неопходен заради извршување на редовните активности во одделението за финансии во однос на финансиско работење, материјално работење, плата, основни средства, благајничко работење и лабораторија, како и поврзување на услугите од лабораториите со одделението за финансии.

*Скопје, 9 јуни 2022 год.*

Проф. д-р Виктор Ѓамовски,
Директор

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје * Република Северна Македонија * ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ СКОПЈЕ

**Доставено до:**

- Архивата на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје
- Секторот за сметководство и финансии
- Лицето задолжено за јавни набавки